**МЕЃУНАРОДНА СЕРИЈА КОНФЕРЕНЦИИ – FREE MARKET ROAD SHOW® 2010 – СКОПЈЕ 26-ТИ МАЈ 2010 ГОДИНА**

**Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД** заедно со партнерите од Македонија- Универзитетот Американ Колеџ и Сојузот на стопански комори и своите меѓународни партнери од Австрија, САД, Велика Британија, Франција, Швајцарија, Белгија, Германија, Лихтенштајн, Романија, Чешка, Хрватска, Црна Гора и Србија, беше домаќин на најголемата серија конференции **"Free Market Road Show®"**.

"Free Market Road Show®" е еминентен настан, динамична серија на конференции на високо ниво каде бизнис лидери, универзитетски професори, политичари, економисти и новинари патуваат низ повеќе европски градови во кои, заедно со локални партнери и колеги, отвараат платформи за дискусија по прашања поврзани со глобалните случувања на економски план. "Free Market Road Show®" е конференција која започна на иницијатива на Хајек Институтот од Виена, Австрија, а на европско ниво поддржана од австриското Министерство за надворешни работи.

Поради значајноста и големината на конференцијата Институтот ОХРИД по втор пат ја организира оваа конференција во Република Македонија. Имено, со ова Институтот ОХРИД развива традиција за оваа серија на меѓународни конференции.
Тема на конференцијата во Скопје беа актуелните настани во светот, глобалната финансиска криза и светската рецесија. Генералната тема на целиот настан на овогодинешното "Free Market Road Show®" е ***"Последиците од високите износи на јавните долгови на европските земји – Консолидација на јавните буџети како приоритет".*** Настанот во Скопје беше проследен од повеќе од 160 учесници - активни говорници: странски и домашни експерти, државни претставници, амбасадори, професори, политичари и бизнис лидери. Како истакнати активни говорници од странство и Република Македонија кои присуствуваа во Скопје беа:

- Принц Мајкл фон Лихтенштајн, Директор на Индустрија и финансиска контрола, Лихтенштајн
- Н.Е. Алоис Краут, Амбасадор на Република Австрија
- Барбара Колм, Хајек Институт, Австриска бизнис комора

- Мат Кибе, Претседател на FreedomWorks
- Ричард Ран, Претседател на Центарот за глобален економски раст
- Ден Мичел, КАТО Институт, САД
- Дејвид Пиструи, Austrian Economics Center Vienna/Универзитетот во Чикаго
- Келси Захурек, Алијанса за сопственички права, САД
- Г-дин Зоран Ставрески, Вицепремиер и Министер за финансии
- Виктор Мизо, Директор, Инвест Македонија
- Александра Наќева Ружин, Универзитет Американ Колеџ Скопје
- Антони Пешев, УНЕТ/Ултра компјутери, Стопанска комора на Република Македонија
- Лидија Нануш, Сојуз на стопански комори на Македонија
- Марјан Ѓорчев, Пан-Европска унија на Македонија

Целиот настан "Free Market Road Show®" оваа година се одвиваваше под генерално покровителство на  Мајкл Шпинделегер, Федерален министер за европски и меѓународни односи на Австрија.

Конференцијата во Македонија вклучи еминентни личности од повеќе сфери во интелектуалниот свет при што, покрај гостите од Европа и САД беа вклучени и меѓународната заедница, приватниот сектор и граѓанското општество.
Различното искуство на учесниците доведе до дебата надополнета со примери од искуството на почесните гости од Македонија и странство. Имено, оваа година темите разработуваа прашања кои се фокусираа на улогата на државата во економската криза: Што очекуваме од државата? Кои предуслови е потребно да се исполнат? Одговорност на Владата? Морал и пазар; доверба во пазарот и сигурноста како фактори одговорни за економскиот развој? Како државата го финансира јавниот долг? Дали има простор за реформа? Дали има премногу задолжувања? Дали пазарот за државни записи и други должнички инструменти стана презаситен со нови тековни прашања? Дали Владите ќе можат да го исплатат својот долг и дали луѓето ќе веруваат дека тие го можат тоа? Дали проблемот лежи главно во методите на трошење или во методите на собирање на приходите? Како може Владата да ги балансира своите буџети, а притоа да ги намали должничките нивоа? Дали тековната финансиска криза е изговор за дефицитното трошење? Кои се некои од можните реформи на даночниот систем, како на пример рамниот данок?
Ова се само дел од прашањата на кои учесниците дебатираа и се потрудија да најдат одговор.
Конференцијата ја отвори директорката на Институтот ОХРИД Билјана Јанева, Марјан Бојаџиев, Ректор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и Н.Е. Алоис Краут, Амбасадор на Република Австрија во Република Македонија. Директорката на Институтот ОХРИД како домаќин им се заблагодари на сите поддржувачи на оваа конференција, на сите присутни во салата и накратко ја најави престојната тема за дебатирање.
Институтот ОХРИД е повеќе од задоволен од исходот на конференцијата и дебатата која ја водеа учесниците. Експертите на овој економски караван ги презентираа своите искуства и своите идеи во однос на кризата, дебатираа на поставената тема со интересни ставови и размислувања.